**20203004130**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ЖИВЕАЛИШТЕТО И ПРЕСТОЈУВАЛИШТЕТО НА ГРАЃАНИТЕ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 16 декември 2020 година.

Бр. 08-4538/1
16 декември 2020 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ЖИВЕАЛИШТЕТО И ПРЕСТОЈУВАЛИШТЕТО НА ГРАЃАНИТЕ

Член 1

Во Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните („Службен весник на Република Македонија” број 36/92, 12/93, 43/2000, 66/2007, 51/11, 152/15 и 55/16), во член 8 во ставот (1) зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Член 2

Во член 15 во ставот (1) воведната реченица се менува и гласи:

„Глоба во износ од 50 до 1.000 евра во денарска противвредност – за микро трговци; од 50 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 250 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 250 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци, ќе му се изрече за прекршок на правно лице, ако:“.

Во ставот (2) зборовите: „30% од одмерената глоба за правното лице“ се заменуваат со зборовите: „15 до 500 евра во денарска противвредност“.

Во ставот (3) зборовите: „200 до 300 евра“ се заменуваат со зборовите: „15 до 250 евра“.

Член 3

Во член 16 зборовите: „100 до 500 евра“ се заменуваат со зборовите: „15 до 250 евра“.

Член 4

Во член 16-а ставовите 5 и 6 се бришат.

Ставот 7 кој станува став 5 се менува и гласи:

„Остварувањето на правото на правен лек против одлуката на комисијата од ставот (1) на овој член, како и постапката по правниот лек се спроведува согласно со Законот за прекршоците.“.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.